Предмет: Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со Вашето барање, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Македонија бр. 13/06, 86/08, 6/10, 42/14, 148/15 и 55/16), а во кое барате одговор на повеќе прашања, Министерството за труд и социјална политика Ве информира за следното:

1. **Број на деца Роми вклучени во предучилишно образование во новата учебна 2019 од месец септември, по општини и пол. Колку од нив се ослободени од плаќање на партиципација?**


Министерство за труд
и социјална политикана
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за труд**
**и социјална политика**

## Секторот за координација и техничка помош на министерот

| Бр. | Општина | Градинка | Број на планирани деца | Запишани деца | М | Ж |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Берово | „23 Август“ | 25 | 19 | 7 | 12 |
| 2 | Битола | „Естреја Овадија Мара“ | 30 | 26 | 10 | 16 |
| 3 | Виница | „Гоце Делчев“ | 25 | 15 | 7 | 8 |
| 4 | Прилеп | „Наша Иднина“ | 30 | 21 | 12 | 9 |
| 5 | Штип | „Астибо | 35 | 0 | 0 | 0 |
| 6 | Чаир | „Снежана“ | 30 | 30 | 11 | 19 |
| 7 | Карпош | „Пролет“ | 15 | 0 | 0 | 0 |
| 8 | Делчево | „Весели цветови“ | 20 | 18 | 12 | 6 |
| 9 | Кичево | „Олга Мицевска“ | 20 | 1 | 1 | 0 |
| 10 | Кочани | „Павлина Велјанова | 30 | 8 | 4 | 4 |
| 11 | Куманово | „Анѓел Шајче“ | 30 | 11 | 6 | 5 |
| 12 | Велес | „Димче Мирчев“ | 20 | 12 | 6 | 6 |
| 13 | Гази Баба | „25 Мај“ | 25 | 10 | 6 | 4 |
| 14 | Пехчево/с.Црник | „7-ми Септември | 20 | 23 | 12 | 11 |
| 15 | Центар | „Р.Ј.Корчагин“ | 20 | 11 | 2 | 9 |
| 16 | Дебар | „Брешиа“ | 15 | 15 | 6 | 9 |
| | | Вкупно: | 390 | 220 | 102 | 118 |


Министерство за труд
и социјална политикана
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

Секторот за координација и техничка помош на министерот

2. Дали МТСП од месец јули до ноември има имплемнетирано активности поврзани со националниот акционен план за зајакнување на положбата на жената Ромка во општеството. Доколку да, Ве молиме опишете ги спроведените активности? Воедно, кои се планирани активности за унапредување на положбата на жената Ромка до крајот на 2019 година?

- Согласно Стратегијата за Роми, предвидено е подготовка на АП за жената Ромка. Се планира АП за жената Ромка да биде во согласност со Стратегијата за родова еднаквост и да биде подготвен до крајот на првата половина од 2020 година.

3. Кои активности се планирани да се спроведат во рамките на Одделението за имплементација на Декадата и Националната Стратегија за Роми во текот на 2020 година?

- Во рамките на Одделението за имплементација на Декадата и Националната Стратегија за роми во текот на 2020 година се планирани да се спроведат овие активности:

1. - <u>Решавање на статусот на лицата без документи</u>
- За решавање на овој проблем на Лицата неевидентирани во матична книга на родени се очекува Парламентот да го усвои новиот закон за неевидентирани лица во матична книга кој што е во собраниска процедура .
- Подготовка на Акциски план за имплементација на овој закон по усвојување на законот во собрание.
- МТСП од почетокот на Акцијата до сега подржа 140 ДНК анализи., подготовка на информација во соработка со УВМК за статусот на предметите за кои што по правењето на ДНК анализи се решени

2. <u>Инклузија на деца Роми во предучилишно образование</u>
- Во согласност со усвоената Информација од Влада на Р.С.М, следење на пилотирање на проектот за вклучување на деца во детски градински со мерката ослободување од партиципација на 450 деца Роми, за деца што се во социјален ризик -деца Роми чиишто родители се корисници на правото на Гарантирана Минимална Помош - ГМП
- Вклучување на нови општини каде што ќе се спроведува проектот
- Ангажирање на негователки и ромски медијатори
- Работилници и семинари за подигнување на свеста и унапредување на инклузивноста

3. <u>Времено згрижување на лицата под кале во Визбегово</u>
- Заради продолжување на активностите со бездомните лица од локацијата под Кале времено згрижени во прифатниот центар Визбегово општина Бутел и создавање на можности за самостојно домување, Министерството


Министерство за труд
и социјална политикана
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

за труд и социјална политика во рамките на програмата за поддршка за развој на Ромите, ќе продолжи да ангажира лица, претставници на граѓанските организации кои активно ќе работаат со овие лица заради постигнување на резултати во сферата на социјалната заштита и инклузија во образованието, здравството, активните мерки за вработување и целосна документација.

- Подготовка на 6 месечен план на работа со овие лица

4. <u>Подобрување на условите за живеење на ромската заедница во согласност со социјалното мапирање и подготовка на Програма и Информација до Влада за одобрување на подршката на овој проект</u>

- Подготовка на програма и информација до Влада за одобрување на овој проект
- Реконструкција на куќи и подбрување на условите за домување на лица кои што ќе бидат подржани во рамките на програматакои изгореа на пожарот Брсњачка буна во Шуто Оризари, од средствата предвидени за Подршка на развојот на Ромите.

5. <u>Ромски информативни центри</u>
   Продолжување на процесот со ситематизација и вклучување на Роми во Центрите за социјална работа особено во оние општините каде што прехтодно имаше Ромски информативни центри
   Активирање на дел од РИЦ кои што ќе продолжат да работат во мотивација за вклучување на Ромите во активните мерки за вработување
6. **Активација на пазарот на труд во согласност со ОП за активни мерки за вработување**
   **-Следење на процесот на вклучување на Ромите на пазарот на труд.**
   **- Следење на процесот со вклучување на пазарот на труд на неформалните собирачи на отпад и решавањето на ова прашање.**

**4. Број на ученици Роми корисници на условни парични трансфери во основно и средно образование за новата учебна година, заклучно со ноември 2019 година.**

- Ве известувам дека корисници на Образовен додаток се 2427 ученици (со позитивни решенија за остарување на правото), додека исплатени се 1202 ученици

**5. Ве молиме доставите ни ја информацијата за превземање на активности за деца Роми во специјални училишта во текот на јули-ноември 2019 година?**


Министерство за труд
и социјална политикана
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

## Секторот за координација и техничка помош на министерот

- Министерството за труд и социјална политика не е надлежна за одговор на ова прашање со пропратно писмо е доставено до Министерство за образование и наука од каде ќе го добиете одговорот.

6. **Дали во текот на јули 2019 година до ноември 2019 година се спроведени обуки за борба против дискриминација за давателите на социо-економски услуги? Ве молиме наведете го бројот на присутни даватели на услуги? (според 2.4.4. на НАП вработување)**

- Министерството за труд и социјална политика во соработка со граѓанскиот сектор во 2018 година започна со спроведување на основни обуки за недискриминација и против говор на омраза за сите државни институции и општини, во обуките за 2019 година беа опфатени административните службеници од сите министерства и општините, како и вработените во Инспекторатите меѓу кои и Државниот инспекторат за труд. За 2020 година се планира да бидат обучени судиите, адвокатите, вработените во Агенцијата за вработување како и синдикалните организации и сите центри за социјална работа. Обуките ќе траат до 2021 година за што се обезбедени финансиски средства. Обуките ги опфаќаат сите основи на недискриминација согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација.

7. **Дали во текот на јули 2019 – ноември 2019 година се спроведени кампањи за надминување на предизвиците, стериотипите и дискриминацијата со која се соочуваат Ромите на пазарот на трудот? Ве молиме наведете го бројот на спроведени кампањи? (според 2.4.5. на НАП вработувања).**

- Министерството за труд и социјална политика не е надлежна за одговор на ова прашање, со пропратно писмо е доставено до Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија од каде ќе го добиете одговорот.

Со почит,

Заменик министер
Gjonul Bajraktar

**Изработил:** Африм Селими
Контролирал: Мабера Камбери


Министерство за труд
и социјална политикана
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk